# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

| | |
|---|---|
| **Службен гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба** | **3 Февруари . 2011 год. Скопје Бр. 2 Год. VI** |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308 фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци


**Содржина:**


1. **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година-финансиска помош за Кристијан Алексовски.....................................................стр.2**
2. **Одлука за аплицирање за неповратни средства (грант) за мали проекти преку програмата АГРП на Владата на Кралството Јапонија за помош на земји во развој........стр.4**
3. **Одлука за прифаќање на Физибилити студија за јавно приватно партнерство-изградба на административно - деловна зграда на Општина Ѓорче Петров........................стр.6**
4. **Одлука за отпочнување на постапка за јавно-приватно партнерство..................................стр.8**
5. **Одлука за именување на членови во Комисија за спроведување на постапка за јавно-приватно партнерство..........................................................................................................стр.11**



**Скопје, Февруари 2011 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година-финансиска помош за Кристијан Алексовски**

Се објавува Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година-финансиска помош за Кристијан Алексовски, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипеттата Седница на Советот, одржана на ден 02.02.2011 година.

**Број 08-267/1**
**од 03.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 05/2006) и Барањето од О.У.Мирче Ацев бр. 03-3736/1 од 13.12.2010 година Советот на Општина Ѓорче Петров на 35-тата седница одржана на ден 02.02.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година -финансиска помош на Кристијан Алексовски**

**Член 1**

На малолетното лице Кристијан Алексовски, ученик во О.У.Мирче Ацев-Општина Ѓорче Петров, му се одобрува исплата на месечен износ од 6.000,00 денари во текот на целата година, како финансиска подршка.

**Член 2**

Вкупниот износ на финансиските средства за целата година изнесува 80.000,00 денари, а се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година - Програм ДО-Градоначалник, позиција 471990 - Друга социјална помош.

**Член 3**

Средствата ќе бидат уплаќани на трансакциска сметка на законскиот застапник на малолетниот Кристијан Алексовски.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Одделението за финасирање и Буџет за извршување на Одлуката.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-238/3**
**Од 02.02.2011 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за аплицирање за неповратни средства (грант) за мали проекти преку програмата АГРП на Владата на Кралството Јапонија за помош на земји во развој**

Се објавува Одлуката за аплицирање за неповратни средства (грант) за мали проекти преку програмата АГРП на Владата на Кралството Јапонија за помош на земји во развој, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипеттата Седница на Советот, одржана на ден 02.02.2011 година.

**Број 08-267/2**
**од 03.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Vrz osnova na ~len 36 stav 1 to~ka 1 i 15 od Zakonot za lokalna samouprava (Slu`ben Vesnik na R.M. br.05/02) i ~len 16 stav 1 to~ka 37 od Statutot na Op{tina \or~e Petrov (Slu`ben Glasnik na Op{tina \or~e Petrov broj 05/2006), Sovetot na Op{tina \or~e Petrov na 35-tata sednica odr`ana na den 02.02.2011 godina, donese

**О Д Л У К А**
**за аплицирање за неповратни средства (грант) за мали проекти преку програмата АГРП (Grant Assistance for Grossroots Human Security Projects) на Владата на Кралството Јапонија за помош на земји во развој**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за аплицирање за неповратни средства (грант) на Општина Ѓорче Петров за мали проекти преку програмата АГРП (Grant Assistance for Grossroots Human Security Projects) на Владата на Кралството Јапонија за помош на земји во развој.

**Член 2**

Аплицирањето за добивање на неповратни средства е со цел да се направи реконструкција на покривот на училишната зграда на Основното училиште "Мирче Ацев" во Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Се одобрува аплицирањето за добивање на неповратни средства во износ до МКД4.305.000,оо со цел да се направи реконструкција на покривот на училишната зграда на Основното училиште "Мирче Ацев"во Општина Ѓорче Петров.

**Член 4**

Се одобрува на Општина Ѓорче Петров да учествува во финансиската конструкција на проектот со сопствени средства до МКД307.500,оо.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *„Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров ".*

**Број 07-238/4**
**Од 02.02.2011година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров,**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за прифаќање на Физибилити студија за јавно приватно партнерство-изградба на административно - деловна зграда на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за прифаќање на Физибилити студија за јавно приватно партнерство-изградба на административно - деловна зграда на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипеттата Седница на Советот, одржана на ден 02.02.2011 година.

**Број 08-267/3**
**од 03.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), член 26, 29 и 89 од Законот за концесии и други видови на јавно - приватно партнерство (“Службен весник на РМ” бр.7/2008, 139/2008, 64/2009, и 52/2010) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (“Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров” бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 35-тата седница, одржана на ден 02.02.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на физибилити студија за Јавно - приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда на Општина Ѓорче Петров**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се прифаќа физибилити студијата за Јавно - приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда на Општина Ѓорче Петров.

Физибилити студијата за јавно - приватно партнерство е составен дел на оваа Одлука.

**Ч л е н 2**

Отпочнувањето на постапката за јавно - приватно партнерство и условите и начинот за реализација на постапката ќе се утврдат со посебна Одлука од Советот на Општина Ѓорче Петров.

**Ч л е н 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 07-238/5**
**Од 02.02.2011 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за отпочнување на постапка за јавно-приватно партнерство**

Се објавува Одлуката за отпочнување на постапка за јавно-приватно партнерство, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипеттата Седница на Советот, одржана на ден 02.02.2011 година.

**Број 08-267/4**
**од 03.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), член 26, 29 и 89 од Законот за концесии и други видови на јавно-приватно партнерство („Сл. Весник на РМ„ бр. 7/2008, 139/2008, 64/2009 и 52/2010), и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општината Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров„ бр. 05/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 35-тата седница, одржана на ден 02.02.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за започнување на постапка за јавно-приватно партнерство

### Ч л е н 1

Се усвојува Физибилити студијата за јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда на Општината Ѓорче Петров(во натамошниот текст: ЈПП проект).

### Ч л е н 2

Се започнува постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство (во натамошниот текст: ЈПП), за изградба на административно-деловна зграда со површина од 31.000 м$^2$ (16.000 м$^2$ паркинг и 15.000 м$^2$ административно-деловен простор) на градежна парцела која претставува ГП бр. 2.2.4. составена од КП бр. 475/98 КО Ѓорче Петров во површина од 4443 м$^2$, КП бр. 475/99 КО Ѓорче Петров во површина од 2.510 м$^2$ и КП бр. 558/3/99 КО Ѓорче Петров во површина од 1.064 м$^2$ или во вкупна површина од 8.017 м$^2$.

### Ч л е н 3

Цели кои треба да се остварат со ЈПП проектот се:

- изградба на општинска административна зграда и подобрување на условите за работа на органите на општината и општинската администрација;
- давање на подобар сервис на граѓаните и правните лица на подрачјето на општина Ѓорче Петров;

### Ч л е н 4

ЈПП проектот ќе се реализира со здружување на средства, при што Општина Ѓорче Петров ќе се стекне со право на сопственост на 40% од вкупната површина на административно - деловниот објект, односно идеален дел со бруто површина од 6.000 м$^2$ и 40 паркинг места, додека приватниот партнер ќе стекне право на сопственост на 60 % од вкупната површина на административно - деловниот објект, односно идеален дел со бруто површина од 9.000 м$^2$ и на паркинг места , освен на 40 кои ќе бидат во сопственост на Општината.

### Член 5

Финансирањето и изградбата на административно - деловниот објект во целост се на товар и ризик на Приватниот партнер.

### Ч л е н 6

Проценетата вредност на ЈПП проектот изнесува 12.651.295,00 ЕУР.

**Член 7**

Договорот за ЈПП ќе се додели преку јавен повик кој ќе се организира и спроведе како Отворен повик, согласно одредбите на Законот за концесии и други видови на јавно - приватно партнерство.

**Член 8**

Се овластува Градоначалникот на општина Ѓорче Петров да ја спроведе постапката за доделување на договор за ЈПП, преку формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за ЈПП, во состав пропишан со Законот за концесии и други видови на јавно - приватно партнерство и да потпише Договор за ЈПП со избраниот најповолен понудувач , по донесувањето на Одлуката на Советот за избор на најповолен понудувач како приватен партнер.

**Член 9**

Се задолжува Комисијата за спроведување на постапката за доделување на договорот за ЈПП, да изготви тендерска документација, и модел на договор за ЈПП, и по одобрувањето на тендерската документација од страна на Градоначалникот, да го објави јавниот повик за доставување на понуди за доделување на договор за ЈПП.

Јавниот повик да се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров„ , „Службен весник на Република Македонија„ во едно домашно јавно гласило (дневен весник) и во едо меѓународно јавно гласило.

**Член 10**

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација ќе изнесува 100.00 ЕУР, во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ, на денот на уплатата на средствата.

**Член 11**

Оваа одлука да се објави во "Службен гласник на Општина Ѓорче Петров", "Службен весник на Република Македонија" и во едно домашно јавно гласило (дневен весник).

**Член 12**

Оваа оддлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-238/6**
**од 02.02.2011 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за именување на членови во Комисија за спроведување на постапка за јавно-приватно партнерство**

Се објавува Одлуката за именување на членови во Комисија за спроведување на постапка за јавно-приватно партнерство, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипеттата Седница на Советот, одржана на ден 02.02.2011 година.

**Број 08-267/5**
**од 03.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), член 37 од Законот за концесии и други видови на јавно-приватно партнерство („Сл. Весник на РМ„ бр. 7/2008, 139/2008, 64/2009 и 52/2010) , и член 16 став 1 точка 37од Статутот на општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров„ бр. 05/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 35-тата седница, одржана на ден 02.02.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за именување на членови во Комисија за спроведување на постапка за јавно-приватно партнерство**

**Ч л е н 1**

За членови во Комисијата за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство за изградба на административно - деловен објект во Општина Ѓорче Петров, од членовите на Советот на Општината, се именуваат следните лица:

1. Андреја Стојаноски
2. Јовица Крстевски

За заменици на членовите на Комисијата се именуваат следните лица:

1. Александар Стојкоски
2. Владо Мисајловски

**Ч л е н 2**

Членовите на Советот, именувани како членови и заменици членови во Комисијата за спроведување на постапка за јавно - приватно партнерство, која ќе ја формира Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, се должни редовно да учествуваат во работата на Комисијата, согласно надлежностите утврдени со закон.

**Ч л е н 3**

Оваа оддлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-238/7**
**Од 02.02.2011 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**